**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 05.10.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** Маја Дамевска, Горан Радуновиќ и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека на седницата се присутни 6 членови на Советот, додека членот на Советот Лазар Трајчев не е присутен, а отсуството го најавил минатата недела со образложение дека ќе оди во странство заклучно со денешниот ден оваа недела. Исто така во текот на вчерашниот ден, по електронска пошта му пратил известување дека се'уште е во странство. Објасни дека г-дин Трајчев не е во државата и не е во можност да присуствува на седницата, а и не може да се закаже седница за утрешниот ден затоа што согласно роковите од Законот и точката од дневниот ред, Советот има обврска денес да ја одржи седницата. Во врска со отсуството на директорот на Агенцијата г-дин Трајчевски, објасни дека е отсутен поради приватни непланирани причини и во телефонска комуникација со него, го информирал дека само за оваа седница ќе го заменува вработената Маја Дамевска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.09.2017 година.
2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.09.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ објасни дека на 21.09.2017 година, директорот на Агенцијата достави предлог до Советот за покренување на постапка за одземање на дозволата на ТРД Телевизија Кобра Радовиш со дозвола бр.08-989 од 26.08.2015г. од причина што наведениот радиодифузер не го платил годишниот надоместок за дозвола во законски предвидениот рок, а тоа е 30 дена од денот на приемот на фактурата. Советот на Агенцијата на 32-та седница која се одржа на 22.09.2017г. донесе заклучок со кој се покрена постапка за одземање на дозволата на радиодифузерот и истиот ден беше и известен. Во тој момент радиодифузерот должеше уште 30.000,00ден. од годишниот надоместок. Во меѓувреме на 28.09.2017г. изврши уплата од 14.000,00ден. и повторно на 02.10.2017г. уплата од 16.000,00ден. што во целост го плати надоместокот во дополнителниот рок. Од таа причина на Советот му се предлага да донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Кобра ДОО од Радовиш.

Г-дин Петрушевски рече дека од доставените материјали се гледа дека радиодифузерот има проблеми и прави напори да ја изврши уплатата бидејќи уплатил два пати релативно помали суми во однос на вкупниот износ. Но, сепак успеал и тоа е добро, затоа што никогаш никој не сака кога медиум ќе згасне од вакви финансиски причини. Се надева дека следната година наведениот радиодифузер ќе нема ваков проблем и дека ќе има подобри финансиски можности да работи подобро. Се изјасни дека ова е позитивно и дека тој лично ќе го поддржи предлогот да се прекине покренатата постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Фиданоски рече, бидејќи е период на изборна кампања, претпоставува дека можеби на сметката на радиодифузерот легнале финансиски средства од кампањата и имал можност да го плати надоместокот, и добро е што е така. Потсети дека минатата седница кога се покренала постапката рекол дека би било многу непријатно, барем тој лично така чувствува, да се најдат во ситуација пред локалните избори да постапуваат за нешто за што Советот мора да постапи, доколку не беше платен надоместокот од страна на радиодифузерот. Додаде дека е добро што вака се заврши.

Г-дин Петрушевски, рече дека во овој случај работата е јасна, и дека Советот има ист однос кон сите радиодифузери. Во таа насока го стави предлогот на гласање.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-388 од 03.10.2017 година и едногласно, со 6 гласа „за“ донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година, поради извршена уплата во износ од 286.728,00 (двестеосумдесетишестилјадииседумстотинидваесетиосум) денари за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-4240/3**
**27.10.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**